**СДСМ**
**И КОАЛИЦИЈАТА**

# 5

# ЗВОНКО ВАСЕВ

## за Сопиште



# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



**Драги сограѓани,**

Во текот на мојата работа и моето секојдневно живеење во Општина Сопиште, на своја кожа ги чувствувам вашите и наши заеднички предизвици, вашите надежи и нашите заеднички стремежи за подобар живот, живот што секој жител на Сопиште во 21 век го заслужува.

Затоа, мои соседи и сограѓани, со цело срце и комплетна посветеност, прифатив да бидам кандидат за градоначалник на нашата Општина, за да ја водам во новата ера на развој, прогрес и благосостојба, ставајќи го безрезервно моето животно и работно искуство во служба на моите сограѓани, за создавање на поубав и посреќен заеднички дом.

Нашата Општина има огромен потенцијал, но исто така, се соочува и со сериозни проблеми во многу области. За да го создадеме она што секој од нас го заслужува – подобри услови за живот, ефикасна инфраструктура, современо образование и здравство, како и стабилна економска иднина – потребна е нова визија и нов, домаќински начин на работа.

Затоа, во оваа изборна програма се обврзувам на:

- Инфраструктура: Брзо и квалитетно решавање на патната мрежа и водоснабдувањето, како и вложување во зелени и паметни решенија за подобрување на животната средина.
- Образование: Ревитализација на нашите училишта и поддршка за иновации во образованието, за да обезбедиме вистинска подготовка за идните генерации.
- Здравство: Изградба на современи здравствени објекти и подобрување на пристапот до здравствената нега за сите.
- Безбедност: Поддршка на нашата полиција и инсталација на модерни системи за безбедност во нашата општина.
- Млади и семејства: Поттикнување на младите да останат и да работат во Сопиште преку креирање работни места и социјални програми за поддршка на семејствата.

Ве повикувам да се приклучите на оваа визија за нова, модерна и развиена Општина. Вашето мислење, вашиот глас и вашата поддршка се круцијални оваа визија да стане наша убава реалност.

Заедно можеме да изградиме подобра иднина!

Со почит и благодарност,

**Звонко Васев**
Кандидат за градоначалник на Општина Сопиште

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Сопиште

Почитувани сограѓани,
Советничката група на СДСМ во Општина Сопиште со голема одговорност и посветеност влегува во новата изборна трка за локалните избори 2025 година.
Во изминатиот период покажавме дека знаеме, умееме и сакаме да работиме за интересите на сите жители – од најмладите до највозрасните.
Секогаш сме биле гласот на разумот, транспарентноста и развојот во Советот на Општината. Гласно зборувавме за проблемите, предлагавме решенија и се боревме за праведна распределба на општинските ресурси.
Во новиот мандат, заедно со кандидатот за градоначалник од редовите на СДСМ, подготвени сме да понудиме визија за модерна, безбедна, еколошка и просперитетна Општина. Ќе продолжиме да се залагаме за подобра инфраструктура, за квалитетно образование, за достапно здравство, за поголема поддршка за младите, семејствата и пензионерите, како и за локален економски развој што ќе го задржи младото население дома.
Нашата програма се темели на реални проекти, отворен дијалог со граѓаните и фер управување.
Ве повикуваме да ни дадете поддршка и овојпат – зашто заедно можеме повеќе!
Советничка група на СДСМ – Сопиште
Од граѓаните, за граѓаните!

1. Елизабета Ничовска, Средно образование, 18.03.1985
2. Драгана Змејковска, ВСС Дипломиран правник, 12.03.2000
3. Ќире Талевски, ВСС Радиологија и нуклеарна медицина, 25.10.1976
4. Никола Дејановски, ВСС економски факултет, 03.03.1996
5. Анита Трпевска, Средно образование, 17.09.1989
6. Даниела Крстевска, 1973
7. Драган Змејковски, Машински техничар, 14.02.1974
8. Љупчо Цветановски, Средно образование, 01.05.1966
9. Даниела Мицковска, 1970
10. Верица Милошевска, Средно образование, 09.06.1979
11. Боге Трпевски, 1961

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**
- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

## ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Изградивме две детски градинки;
- Изградивме Дом на култура
- Се започна проектот за канализација и одвод во село Ракотинци.

## А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- **Недоволно инвестиции во инфраструктурата:**

Иако беа преземени некои мерки за реконструкција на патишта, големи инфраструктурни проекти како изградба на нови патишта или канализација во некои делови на општината останаа нереализирани.

- **Образовни реформи:**

Образованието не доживеа значителен напредок. Листата на поддршка за иновации во образованието и модернизација на училиштата исто така се незабележителни. Недоволно се инвестираше во развојот на нови училишни капацитети, што остави многу семејства и ученици со стари и неадекватни услови за учење.

- **Социјални програми:**

Беше забележан недостаток на програми за поддршка на младите и семејствата, како и недостаток на иницијативи за поддршка на пензионерите и поединците со ризик од социјална исклученост.

- **Безбедност:**

Недостигаше сериозно вложување во модернизацијата на безбедносната инфраструктура во општината, како што се камери за надзор, модерни системи за безбедност и соработка со полицијата.

- **Екологија:**

Иако постојат иницијативи за подобрување на животната средина, недостатокот на системски пристап и долгогодишни стратегии за управување со отпадот и заштита на природните ресурси беше очигледен.



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто се кандидирам? Што е мотивот?**

Се кандидирам од чувство на должност, од љубов кон нашата Општина и од убедување дека промените не доаѓаат сами, туку ги носат луѓе што се храбри, одговорни и спремни да преземат иницијатива. Мојот мотив е јасен – да создадеме Општина во која граѓаните ќе живеат достоинствено, безбедно и со надеж во иднината. Да престанеме да зборуваме за основни услови како да се луксуз, и конечно да почнеме да градиме средина која ги задоволува потребите на сите.

- **Колку е важно да се има визија?**

Без визија нема ниту развој. Визијата за Општината не значи само изградба на улици или фасади, туку претставува целокупен план за подобро, праведно и просперитетно општество. Локалната

визија мора да биде дел од една поширока, општествена визија – за демократска, зелена, модерна држава во која сите ќе имаат еднакви шанси.

- **Што мора да се направи во следниот мандат?**

Во следниот мандат мораме да го вратиме достоинството на локалната самоуправа. Да ја ставиме во функција на граѓанинот. Инфраструктурата е основа, но не е доволна. Потребна е поддршка за младите, развој на економијата, здрава животна средина, културен и спортски живот. Треба да направиме промена која се чувствува – во секојдневието, не само на хартија.

- **Колку се важни младите?**

Младите не се само иднината – тие се сегашноста. Без нив нема напредок. Ако сакаме нашата Општина да расте, мора да понудиме услови за образование, вработување, домување, за култура и рекреација. Да ги слушаме нивните идеи и да ги вклучиме во носењето одлуки. Само така ќе останат тука.

- **Како гледате на безбедноста?**

Безбедноста не е луксуз, туку основно право. Проблемите со улично осветлување, сообраќајна небезбедност, недоволно полициско присуство или занемарување на заедничкиот простор, се проблеми што се решаваат со план, инвестиции и координација. Ќе работиме на поорганизирана, побезбедна и попристапна општина за сите.

- **Дали доброто планирање е клуч?**

Апсолутно. Просторот не смее да се планира стихијно. Мораме да имаме јасен урбанистички план, фокус на јавниот превоз, пешачки и велосипедски патеки, подобро паркирање и сообраќајно решение. Мобилноста и квалитетниот урбан развој значат подобар живот, повеќе време за семејството, и помал стрес.

- **Што со загадувањето и депониите?**

Живееме меѓу депонии, а дишеме отров. Тоа не е судбина – тоа е резултат на негрижа. Ќе воведеме систем за селекција и отстранување на отпадот, едукација, ригорозни казни за загадувачите и инвестиции во чиста енергија. Еколошката борба мора да биде заедничка, постојана и искрена.

- **Како да ја вратиме довербата во системот?**

Довербата се гради со дела. Ќе воведеме целосна транспарентност во трошењето на буџетот, редовни јавни состаноци со граѓаните, дигитални услуги и механизми за пријавување нерегуларности. Отворена, отчетна и достапна Општина е прв чекор кон нова надеж.

- **Што со иселувањето и наталитетот?**

Без луѓе, нема Општина. Затоа ќе работиме на подобрување на локалната економија, поддршка за младите семејства, достапни градинки, домување, културна и спортска понуда. Животот во Сопиште мора да стане вистинска алтернатива, а не компромис.



- **Зошто граѓаните да гласаат за мене?**

Затоа што ја знам Општината, ги знам проблемите, но уште поважно – имам храброст и тим да носиме решенија. Не ветувам невозможни работи. Ветувам работа, транспарентност и почит кон секој жител. Различен сум по тоа што за мене ова не е функција, туку служба за граѓаните. Заедно можеме повеќе!

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

## За Сопиште

**СДСМ**

И КОАЛИЦИЈАТА

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!



Нашата визија за Сопиште е Општина која нуди еднакви шанси за сите, грижа за секој жител и развој заснован на човечки вредности, праведност и одржливост. Време е за нов пристап – со конкретни политики и активности по целни групи и сектори:

## МЛАДИ – со поддршка за иднината

Создавање Локален младински центар за вмрежување, обука и учество.

Субвенции за млади претприемачи и стартап-иницијативи.

- Финансиска поддршка за спортски, културни и едукативни младински настани.
- Стипендии за најдобрите ученици и спортисти.
- Совет на млади при општината со право на учество во креирањето политики.

## ЖЕНИ – за рамноправност и безбедност

- Програми за економско зајакнување на жените и поддршка за женско претприемништво.
- Кампањи против семејното насилство и поддршка на жртвите преку локални служби.



- Обезбедување дневен центар и социјални услуги за самохрани мајки и за ранливи категории.

## ПЕНЗИОНЕРИ – достоинствена старост

- Дневен центар за пензионери со програми за здравје, дружење и образование.
- Домашна нега и здравствени прегледи за највозрасните.
- Бесплатен локален превоз за лица над 65 години.

## ОБРАЗОВАНИЕ – знаење за сите

- Модернизација на училиштата и воведување дигитални алатки.
- Бесплатен превоз за учениците од руралните средини.
- Дополнителна настава и активности за учениците со посебни потреби.

## КУЛТУРА – идентитет и заедништво

- Ревитализација на културните објекти и простори.
- Поддршка на локалните културни настани, фестивали и уметнички групи.
- Вклучување на децата и младите во културното творештво.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## СПОРТ – здрави навики и енергија

- Изградба и реконструкција на спортски игралишта во сите населени места.
- Финансиска поддршка за локални спортски клубови.
- Организирање општински спортски лиги и турнири.

## ТРАНСПОРТ – мобилност за сите

- Подобрување на локалниот јавен превоз со зголемена фреквенција и поврзаност.
- Уредување пешачки патеки и велосипедски рути.
- Безбедни автобуски постојки и означени премини.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА – здрава иднина

- Санација на дивите депонии и воспоставување систем за селекција на отпадот.
- Масовна акција за пошумување и уредување на јавните зелени површини.





- Мониторинг на квалитетот на воздухот и едукација за еколошката свест.
- Промоција на енергетската ефикасност и на обновливите извори.

Сето ова е дел од нашата заложба – да изградиме отворена, одговорна и грижлива општина. Со фокус на луѓето, не на функциите. Со работа на терен, не само во канцеларија. Со вас, не без вас.

**Заедно ги менуваме состојбите!**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Реконструкција на патната инфраструктура во Општината

Проектот има цел целосно да ја реконструира и модернизира патната инфраструктура во урбаните и во руралните населени места на Општина Сопиште. Ова вклучува санација на оштетените делници, поставување нов асфалт, изградба на тротоари, поставување на атмосферска канализација, обележување на патиштата и уредување на банкините.

**Влијание на проектот:**

Социјално влијание:

- Зголемена безбедност на граѓаните – со подобрени патишта, обележани премини и со тротоари ќе се намали бројот на сообраќајни несреќи.
- Подобрен квалитет на живот – секојдневното движење (до училиште, работа, здравствен дом) ќе стане побрзо, побезбедно и поудобно.
- Инклузија на рурални средини – жителите на помалите населени места ќе бидат подобро поврзани со административниот центар.





Економско влијание:

- Поттикнување на локалниот бизнис – подобрата пристапност значи полесен транспорт на стоки, услуги и луѓе.
- Привлекување на инвестиции – добрата инфраструктура е основен предуслов за инвеститорите.
- Зголемена вредност на недвижности – модерни улици и патишта ја зголемуваат атрактивноста на просторот.

Еколошко влијание:

- Намалување на површините со прашина и кал – особено во населени места без асфалт, што ќе влијае позитивно врз здравјето на жителите.
- Подобро управување со атмосферските води – преку изградба на канализација се намалува ризикот од ерозија и поплави.
- Поттикнување на пешачките и велосипедските навики – преку уредени патеки и тротоари.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Сопиште

**Рок на реализација** 24 месеци, во 3 фази

**Буџет**

Извори на финансирање:

- Општински буџет
- Министерство за транспорт и врски
- Фондови од ЕУ преку ИПА-програмите
- Јавно-приватни партнерства

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Подобрување на водоснабдувањето и канализацијата



**Анализа:**

- Потреби: Постоечките водоснабдителни и канализациски системи се застарени и не функционираат соодветно, што предизвикува чест проблем со водоснабдувањето, особено во руралните делови.
- Очекуван ефект: Подобрување на хигиенските услови, здравјето на жителите и заштита на животната средина.

**Проектни активности:**

- Изградба на нови водоводни линии во руралните делови на општината.
- Реконструкција и модернизација на постојните водоснабдителни системи.
- Проект за изградба на канализација во руралните делови.
- Создавање центри за селектирање на отпадните води и повторно користење на водата.

**Влијание на проектот:**

Овој проект ќе обезбеди чиста вода и квалитетна канализација за сите домаќинства, со што значително ќе се подобри здравјето, хигиената и животниот стандард во општината. Ќе се намали загадувањето, ќе се заштити животната средина и ќе се зголеми атрактивноста на Сопиште за инвестиции и развој.



**Целна група:**

Сите домаќинства во Општина Сопиште – особено во руралните и периферните населени места каде што нема водовод или има чести дефекти

**Рок на реализација**

Вкупно времетраење: 24 месеци (во 3 фази)

### Фаза 1: Подготовка и проектирање (3–6 месеци)

- Теренско снимање, хидротехничка анализа, избор на технологија
- Изработка на проекти и добивање дозволи

### Фаза 2: Изведба на водоводна мрежа (6–9 месеци)

- Реконструкција на постоечките водоводи
- Нови приклучоци, резервоари и пумпни станици

### Фаза 3: Изведба на канализациска мрежа (9–12 месеци)

- Гравитациска и притисочна канализација
- Поврзување со пречистителна станица или со сепаратори
- Асфалтирање на улиците по завршена работа

**Буџет**

- 20% – Проектирање, дозволи, надзор
- 40% – Изградба и реконструкција на водоводна мрежа
- 30% – Канализациска мрежа и приклучоци
- 10% – Повратно уредување на улици, зелени површини и јавни објекти

# ПРОЕКТИ

## Развој на зелените површини и јавните паркови

Создавање уредени, достапни и функционални зелени површини и јавни паркови во урбаните и руралните делови на општината заради подобрување на животната средина, јавното здравје и на квалитетот на секојдневното живеење.

Ќе изградиме нови јавни паркови, детски игралишта и дрвореди во сите населени места на општината. Ќе ги уредиме запуштените простори, ќе поставиме урбана опрема, и ќе обезбедиме содржини за деца, млади, спортисти и за пензионери. Ќе создадеме здрава, чиста и убава околина за сите генерации – заедно за зелена и современа Општина Сопиште!.

### Влијание на проектот:

- Подобрено јавно здравје и намален урбан стрес
- Нови места за дружење, игра и спорт
- Подобрена микроклима и почиста животна средина
- Зголемена атрактивност на општината за живеење и инвестирање
- Поттик за локален туризам и за културни настани

### Целна група:

- Сите граѓани на Општина Сопиште
- Децата и младите
- Семејствата со мали деца
- Повозрасните лица и пензионери
- Спортските и рекреативните групи
- Туристи и викенд-туристите

### Рок на реализација

18 месеци, во 3 фази:

- Фаза 1: Идентификација и проектирање (3 месеци)
- Фаза 2: Изведба на зелени површини и урбана опрема (12 месеци)
- Фаза 3: Засадување, одржување и промоција (3 месеци)





## Поддршка за малите бизниси и претприемачи

Ќе обезбедиме финансиски и логистички мерки за поддршка на малите бизниси, земјоделците, занаетчиите и младите претприемачи. Ќе основаме Локален центар за поддршка со обуки, за советување и поврзување со инвеститори. Ќе субвенционираме дел од трошоците за опрема, дозволи и маркетинг, особено за жените и младите во бизнис. Со овој проект, отвораме нови работни места и го јакнеме економскиот дух на нашата општина. Сопиште ќе биде средина каде што секоја добра идеја добива шанса!

**Влијание на проектот:**

Економско: Отворање нови работни места, зголемување на локалната продукција, раст на приходите

Социјално: Охрабрување на младите и жените претприемачи, задржување на населението, јакнење на самодовербата

Институционално: Партнерства со стопански комори, подобрени услуги, мрежа на локални бизниси

Долгорочно: Одржлива локална економија, зголемена конкурентност, подобрен имиџ на општината

**Целна група:**

Граѓани со мали бизниси, претприемачи

# ПРОЕКТИ

## Подобрување на здравствената инфраструктура

Целта на проектот е да се обезбеди модерна, функционална и достапна здравствена инфраструктура за сите граѓани во општината, со што ќе се подобрат условите за здравствена заштита и квалитетот на услугите. Проектот опфаќа реконструкција и адаптација на постојните здравствени објекти, набавка на современа медицинска опрема, како и унапредување на условите за работа на здравствените работници.

Со реализацијата на овој проект, ќе се овозможи побрз и поефикасен пристап до здравствени услуги, особено во руралните и помалку покриените населени места. Дополнително, проектот предвидува подобрување на хигиенските услови и на енергетската ефикасност на здравствените установи.

Ова ќе резултира со подобра здравствена заштита за сите граѓани, намалување на потребата за патување до поголемите здравствени центри и зголемување на довербата во локалниот здравствен систем.

### Влијание на проектот:

1. Подобрување на квалитетот на здравствените услуги –
Со модернизирана инфраструктура и со нова медицинска опрема, здравствените работници ќе можат да пружат поефикасна и поквалитетна грижа за пациентите.
2. Зголемена достапност на здравствени услуги – Особено за жителите на руралните и оддалечените населени места, кои ќе имаат подобар пристап до основната и специјализираната здравствена заштита без потреба од патување во други општини или градови.
3. Подобрување на здравјето на населението – Раната дијагноза и навремената терапија ќе бидат полесно достапни, што ќе придонесе за намалување на хроничните заболувања и компликациите.
4. Зголемување на довербата во локалниот здравствен систем –
Подобрените услови за работа и услуги ќе ја зголемат довербата на граѓаните кон здравствените институции во општината.





5. Поттикнување на здравствените работници – Подобрените услови и опремата ќе ја зголемат мотивацијата и ефикасноста на здравствениот персонал.
6. Економско влијание – Намалување на трошоците за патување и лечење надвор од општината, како и подобрување на здравјето ќе доведе до зголемена продуктивност и квалитет на живот.

Овие ефекти директно ќе придонесат кон унапредување на целокупниот животен стандард и благосостојбата на жителите на општината.

### Целна група:

Сите жители на општината – особено оние кои користат здравствени услуги во јавните здравствени установи.

### Рок на реализација

Рокот на реализација на проектот „Подобрување на здравствената инфраструктура" се предвидува да биде 18 до 24 месеци

# ПРОЕКТИ

## Едукативни програми за млади и деца

Целта на проектот е да се овозможи квалитетна и современа едукација надвор од формалното училиште, која ќе ги поддржи личниот развој, знаењата и вештините на младите и децата од општината. Преку организирањето работилници, креативни и образовни активности, проектот ќе придонесе кон стимулирање на критичкото размислување, тимската соработка и иновативноста кај младите.

Програмите ќе опфаќаат:

- Летни и зимски едукативни кампови и креативни работилници (наука, технологии, уметност, екологија)
- Обуки за дигитални вештини, јазици и меки вештини (комуникација, лидерство, тимска работа)
- Активности за подигнување на свеста за важни општествени теми како екологија, здрав начин на живот и безбедност
- Менторство и поддршка за учество во натпревари, проекти и иницијативи на локално и национално ниво

### Влијание на проектот:

- Подобрување на образовниот процес и развој на вештините – Младите и децата ќе стекнат дополнителни знаења и практични вештини што не се дел од формалното образование, што ќе им помогне во училиштето и понатаму во животот.
- Зголемување на самодовербата и мотивацијата – Активностите ќе ги поттикнат креативноста, самостојноста и тимската работа, што ќе ја зајакне самодовербата кај младите.
- Социјална инклузија и еднакви можности – Преку вклучување на децата од социјално загрозени семејства, проектот ќе придонесе за намалување на нееднаквостите и ќе овозможи рамноправен пристап до образовните активности.
- Подобрување на здравите навики и општествената свест – Преку едукативните теми како екологија, здрав начин на живот и безбедност, младите ќе станат посвесни и ќе развијат позитивни вредности.
- Јакнење на локалната заедница – Преку поврзување на младите од различни населени места и нивно вклучување во заеднички проекти, ќе се создаде чувство на припадност и солидарност.
- Долгорочен позитивен ефект врз развојот на општината – Едуцираните и мотивирани млади луѓе ќе бидат двигатели на развојот и иновациите во заедницата во иднина.

### Целна група:

Целната група се деца и млади од 6 до 18 години од сите населени места во општина Сопиште, со посебен акцент на вклучување на децата од социјално загрозените семејства.

### Рок на реализација

Проектот се планира да се реализира во период од 12 месеци, со можност за продолжување и развој во иднина.

## Враќање на дел од платениот данок на имот – Поддршка за граѓаните на општина Сопиште

**„Вашите пари – ваш избор: Поврат на данокот на имот со учество на граѓаните“**

Овој иновативен проект има цел не само да им врати дел од платениот данок на имот на жителите на општина Сопиште, туку и да им даде право да одлучат каде ќе бидат вложени тие средства. Со проектот „Вашите пари – ваш избор“ граѓаните ќе имаат можност да изберат дали повратот на нивниот данок ќе го добијат како директен финансиски поврат, или пак тие средства ќе бидат инвестирани во конкретни локални проекти и услуги кои тие лично ќе ги поддржат.

Граѓаните ќе можат да гласаат и да учествуваат во одлучувањето за распределба на дел од средствата во области како: инфраструктура, образование, зелени површини, култура, спорт или поддршка на социјално загрозени категории.

Со овој пристап, се зголемува транспарентноста и довербата во локалната власт, а истовремено се поттикнува активното граѓанско учество и солидарноста во заедницата.

### Влијание на проектот:

- Граѓаните одлучуваат! – Вие го избирате приоритетот: улица, училиште, парк, поддршка за семејства...
- Поголема доверба и транспарентност – Знаете каде одат вашите пари.
- Подобри локални проекти – Средствата се насочуваат таму каде што навистина треба.
- Заедничка одговорност и солидарност – Сите заедно градиме подобро Сопиште.
- Активна вклученост на граѓаните – Вашиот глас се слуша и вреднува.

### Целна група:

Сите жители на општина Сопиште кои плаќаат данок на имот – директно вклучени како учесници со право на поврат или насочување на средствата.

### Рок на реализација

Проектот може да се повторува на годишно ниво како постојан механизам за учество на граѓаните во трошењето на јавните средства.

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## СОПИШТЕ

1. Реконструкција на главните и локалните патишта за подобра поврзаност на населбата со другите делови на општината.
2. Изградба на пешачки патеки и велосипедски патеки за еколошки и безбеден транспорт.
3. Создавање на нови паркови и зелени површини во урбаните делови за рекреација и одмор на граѓаните.
4. Проект за модернизација на јавните објекти (Дом на култура, училишта, спортски сали) за подобри услови за култура и спорт.
5. Поддршка за локален туризам, вклучувајќи изградбата на инфо-центар и на туристички патеки
6. Инсталација на паметно осветлување во централните области за безбедност и енергетска ефикасност.
7. Паметен и достапен градски сообраќај за сите - Подобрување на јавниот и локалниот сообраќај во Општина Сопиште преку воведување редовни автобуски линии, уредување на сообраќајната инфраструктура и користење на паметни решенија за мобилност.

## Горно Соње

1. Подобра патна инфраструктура
2. Редовен и функционален јавен превоз
3. Водовод и модернизација на истиот
4. Основни здравствени услуги
5. Безбедност и осветлување
6. Зелени површини и социјален живот
7. Поддршка за локалните земјоделци и малите бизниси
8. Интернет и дигитална поврзаност

## Долно Соње

1. Сообраќај и поврзаност
2. Водовод и осовременување на постојната мрежа
3. Здравствени услуги
4. Образование и ученички превоз
5. Улично осветлување и безбедност
6. Зелени површини, спорт и рекреација
7. Културни и заеднички активности
8. Поддршка на малите бизниси и на локалната економија
9. Дигитална инфраструктура

## Ракотинци

1. Реконструкција и модернизација на патиштата во селото
2. Воведување редовна автобуска линија до Скопје

3. Проект за канализација и подобрување на водоводот
4. Поставување детско игралиште и спортски простор
5. Поддршка за мали земјоделци и претприемачи

## Држилово

1. Асфалтирање и уредување на локалните улици
2. Подобрување на јавниот превоз до Скопје и Сопиште
3. Улично осветлување за целосна покриеност
4. Мобилен здравствен пункт и теренски прегледи
5. Поддршка за локалните бизниси и земјоделци
6. Интернет за сите – дигитална покриеност

## Света Петка

1. Реконструкција и проширување на главниот пат и на внатрешните улици
2. Воведување редовна и достапна автобуска линија
3. Решавање на проблемите со водоснабдувањето и канализацијата
4. Поставување улично осветлување на критичните точки
5. Изградба на детско игралиште и спортски терен
6. Поддршка за локалните бизниси, занаетчиите и земјоделците

## Чифлик

1. Асфалтирање и уредување на патната мрежа
2. Редовен јавен превоз до Скопје и Сопиште
3. Изградба на систем за канализација
4. Улично осветлување и јавна безбедност
5. Дом на заедницата и културен живот
6. Економска поддршка за земјоделците и малите производители

## Добри Дол

1. Асфалтирање и уредување на патната мрежа
2. Редовен јавен превоз до Скопје и Сопиште
3. Реконструкција на мостот што е пред распаѓање
4. Улично осветлување и јавна безбедност
5. Здравствени и социјални услуги
6. Економска поддршка за земјоделците и малите производители
7. Млади и рекреација

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА